СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08-3746/2

30.12.2025 година

К и ч е в о

# З А П И С Н И К

Од одржаната 4-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 30.12.2025 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот

Седницата во 10 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Ајхан Сулкоски, а присутни беа и советниците: Жанета Милановска Петреска, Александар Мицкоски, Михајло Данилоски, Ирена Наумоска, Виолета Стефаноска, Бојан Трајкоски, Драган Дејаноски, Мирсад Рамазаноски, Илир Рушани, Шефки Имети, Латифе Имани, Суарта Салију Османи, Асип Зендели, Фадил Емини, Кујтим Касами и Теута Ахмеди Пурелку.

Отсутна беше советничката: Беќир Османи и Стево Стефаноски.

На седницата беа присутни и: Градоначалникот на општината Д-р Александар Јовановски, Секретарот на општината-Анета Настеска, Валдет Селими, Бурим Кадриу, Сабедин Емини, Дарко Белески, Емилија Петкоска, Ленче Србиноска, Мите Димитријоски, Арбен Ристеми- преставници од општинската администрација, Лазим Шабани-овластен претставник од ЈКП„Комуналец“ Кичево, директорите на: ЦОУ„Кузман Јосифоски Питу“ Кичево, ОУ „Д-р Владимир Полежиноски“ Кичево, ЦОУ „Санде Штерјоски “ Кичево, ООУ „Христо Узунов “с. Другово, ООУ „Ѓ.К.Скендербеу“ с. Србица, ЦОУ„Милто Гура“ с. Стрелци, ЦОУ„Милто Гура“ с. Стрелци, ЦОУ„Наим Фрашери“ с.Јагол Доленци, ОУ„Фаик Коница“с. Грешница, ОУ „Реџо Рушити Зајази“ с. Зајас и директорите на: ОСУ „Мирко Милески“ Кичево и ОСУ „Дрита„ Кичево.

На седницата присуствуваа и новинари од : ТВ Ускана,ТВ21 и и МТВ.

**Претседателот на советот** откако канстатира дека има кворум за работа го стави на усвојување Записникот од 1-та седница на Советот на

општина Кичево одржана на 13.11.2025 г. и истиот се усвои со 17 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Потоа, **Претседателот на советот** праша дали има некој забелешка на Записникот од одржаната 2-ра Седница на Советот одржана на 01.12.2025, а збор зеде:

**Суарта Салију Османи**-Истакна дека има забелешка која не е во спротивност на гласањето, но да не се повтори во иднина. Во реченицата каде стои дека ние како советници го подржуваме Кујтим, тоа беше само по однос на цитираниот член во законот, а не како целосен концепт за толкување. Мојот говор беше скратен во Записникот и не беше таков, каков што кажав јас.

Потоа, **Претседателот на Советот** го стави на усвојување Записникот од 2-та седница на Советот одржана на 01.12.2025 г. и истиот се усвои со 17 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

На усвојување **Претседателот на Советот** го стави на усвојување и Записникот од 3-та седница на Советот одржана на 16.12.2025 г. и истиот се усвои со 17 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

За оваа седница Претседателот на Советот го предложи следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог Развоен план на Програми за Развој за енергетска ефикасност.

2.Предлог Развоен план на Пограма за изградба на тротоари.

3.Предлог Развоен план на Програма за паркови и зеленило.

4.Предлог Буџет на Општина Кичево за 2026 г.

5.Предлог Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кичево за 2026 г.

6. Предлог Финансиски план за 2026 г. во ЦОУ„Кузман Јосифоски Питу“Кичево.

7.Предлог Финансиски план за 2026 г. во ОУ „Д-р Владимир Полежиноски“ Кичево.

8. Предлог Финансиски план за 2026 г. во ЦОУ „Санде Штерјоски “Кичево.

9. Предлог Финансиски план за 2026 г. во ООУ „Христо Узунов “с. Другово.

10. Предлог Финансиски план за 2026г. во ООУ „Ѓ.К.Скендербеу“ с. Србица.

11. Предлог Финансиски план за 2026 г.во ЦОУ„Милто Гура“ с. Стрелци.

12. Предлог Финансиски план за 2026 г. во ЦОУ„Наим Фрашери“ с.Јагол Доленци.

13.Предлог Финансиски план за 2026 во ОУ„Фаик Коница“с. Грешница.

14. Предлог Финансиски план за 2026 г. за ОУ „Реџо Рушити Зајази“ с. Зајас.

15. Предлог Финансикски план за 2026 г. во ОСУ „Мирко Милески“ Кичево.

16. Предлог Финансиски план за 2026 г.во ОСУ „Дрита„ Кичево.

17. Предлог Финансиски план за 2026 г. во ЈОУДГ „Олга Мицеска“ Кичево.

18.Предлог Програма за активности во областа на управување со животната средина во Општина Кичево за 2026 г.

19.Предлог План и Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на Општина Кичево за 2026 г.

20. Предлог Оперативен План и Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација (како дел од општите мерки за спречување и орстранување на заразни болести).

21. Предлог Програма за Локален економски развој (ЛЕР) за 2026 г.

22. Предлог Програма за управување со отпад на територијата на Општиан Кичево за 2026 г.

23.Предлог Програма за работа и развој на ЈКП „Комуналец“ Кичевоза 2026 г.

24.Предлог Програма за одржување на јавна чистота за 2026 г. на Општина Кичево.

25.Предлог Решение за именување на Управен Одбор на ЈОУДГ „Олга Мицеска“ Кичево.

26. Предлог Одлука за давање на користење на движна ствар-моторно возило на ЈКП„Комуналец“ Кичево

27.Предлог Одлука за измена на Правилникот за пресметка на плати за јавни службеници во Општина Кичево.

28. Предлог Програма за активностите на Општина Кичево во обласа на социјалната заштита и заштита на децата во текот на 2026 година.

29.Одлука за употреба на знамето на турската заедница пред општинската зграда.

По констатирањето дека нема дополна на дневниот ред **Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот дневен ред за оваа седница и истиот се усвои со 17 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Се премина на:

**1.ПРВА ТОЧКА**: Предлог Развоен план на Програми за Развој за енергетска ефикасност

**Сабедин Емини**- Информира дека се реализирани повеќе проекти во училиштата за обновливи извори на електрична енергија и изградба на фотоволтаици. Тоа се спроведува преку Јавен повик и во соработка со ЕВН. Истакна дека ризик во некои училишта имало од имотно- правни пречки. Сумата била околу 15 милиони денари која е распоредена за 3 години.

**Фадил Емини**- Праша дали се работи за евра или денари.

**Сабедин Емини**- Информира дека се работи за денари.

**Илир Рушани**- Праша дали средствата што се предвидени во буџетот се од општината.

**Сабедин Емини**- Информира дека тие средства се спроведуваат преку буџетот на општината.

**Суарта Салију Османи**- Праша дали е одредено во кои училишта ќе се вградат тие објекти.

**Сабедин Емини**- Информира дека имало проекти за некој училишта, а за некој се подготвувале.

**Суарта Салију Османи**- „Значи, не знаете точно каде?““.

**Сабедин Емини**- Информира дека тоа е развојна Програма и ќе се планирало за 3 години. Истакна дека, доколку сака писмено може да ја информира советничката, во кои училишта имало проекти.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Развојниот План на Програми за Развој за енергетска ефикасност и истиот се усвои со 16 гласа ЗА . 1 глас ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ (нема).

**2.ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Развоен план на Пограма за изградба на тротоари

**Сабедин Емини**-Информира дека и овде имало реализирано неколку такви проекти, почнувајќи од 2023 година. Истакна дека проектите се реализираат со Секторот за урбанизам и се предвидувало на кои улици ќе им се даде приоритет.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Развојниот План на Програми за Развој за изградба на тротоари и истиот се усвои со 16 гласа ЗА . 1 глас ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ (нема).

**3.ТРЕТА ТОЧКА**: Предлог Развоен план на Програма за паркови и зеленило

**Сабедин Емини**-Информира дека тоа било проект кој понпал од 2022 год. и имал реализација до 2024 г., во 2025 г. немало реализација. Истакна дека тие паркови биле предвидени со урбанистичката документација и такви паркови биле предвидени 20. Досега имало реализирано 5. За 2026-2028г. дополнително за нив ќе се одредувале локации, во зависност од урбанистичките планови.

**Фадил Емини**- Праша дали планот бил за урбаниот дел од градот или и за руралните средини.

**Сабедин Емини**- Информира дека локациите биле изработени и спремни, но можело да се предвидат и во руралните средини, ако имало потреба за тоа.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Развојниот План на Програми за паркови и зеленило и истиот се усвои со 16 гласа ЗА. 1 глас ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

**4.ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Предлог Буџет на Општина Кичево за 2026

**Градоначалникот**-Ги поздрави присутните и информира дека Буџетот е план -програма за финансирање на активностите во општината. Истакна дека тој е изготвен врз основа на развојни програми и се обиделе во нив да ги скратат загубите, да се направат заштеди и да има унапредување на хигиената, инфраструктурата итн. Истакна дека буџетот за оваа година изнесува 1 милијарда и 365 милиони денари . Потоа детално го образложи планираниот приходниот дел во ставки со предвидени суми на средства и проценти, а потоа и расходниот дел. Информира дека има предвидено средства за проекти за спортски објекти, изградба на објекти за развој на образование, изградба на патишта и улици, за сигнализација, за уредување на ударни дупки на патиштата, за тротоарите, изградба на паркови за деца, изградба на фотоволтаични панели. Потоа, предвидено било изградба на прифаќалишта на кучиња скитници, чија локација била одобрена и се изготвувал нацрт проект. Средстав биле предвидени за чистење на дивите депонии и во тек било чистењето на дел од нив, а ѓубрето се носело во Гостивар. Исто така, средства биле предвидени и за садење дрвца, за дезинфекција и дезинсекција и дератизација, за чистење на речни корита, за третман на кучињата скитници, за јавна чистота, за ЛЕР, за подршка на спортот и за маратонот во Кичево., за културата, за социјална заштита итн.

**Михајло Данилоски**- Информира дека комисијата за Буџет се состанала и ги разгледала точките што се однесувале за буџетот. Истакна дека се разгледале и 3-те амандмани поднесени од советникот Стево Стефаноски кои не се усвоиле на комисија, но се усвоиле двете точките кои биле разгледани.

**Бурим Кадриу**- Информира дека на комисија вчера детално бил разгледан буџетот и укажал на измените кои биле по препорака на Министерсвото за финансии . Истакна дека буџетот за 2026 година изнесува 1.365.457.000 денари, но во предлог буџетот кој е доставен до советниците ќе има измени, каде се намалуват средствата во прихдната ставка 741211 од 203.285.000,00 ден. на 193.857.000,00 и ставката 741114 се зголемува на 20.000.000 ден а се намалува приходната под ставка 741112 на 22.000.000 денари, а се зголемува ставката 424390 на програма Р10 за 1.000.000,00 ден и ствака 425990 на програма К40 за 1.000.000,00 денари, истотака буџетот на донаци се зголемува за 1.300.000 денари средства кои се донаци со УНДП за изработка на текничка докуметација, за Буџетот за 2026 година да изнесува 1.350.329.000 ден од кој: Основниот буџет 606.839.000 ден, буџетот за самофинансирачки активности 33.580.000,00 ден, буџетот на блок дотации 699,736,000 ден буџетот за донации 10.174.000 ден,

Даночните приходи изнесуват 214.440.000 ден, неданоќните приходи иснесуват 6.300.000 ден, капиталните приходи 21.000.00 ден трансферите 365,099,000 денари, потоа ги разјасни по ставки и подставки.

Сите овие приходи се наменети за реализација на активностите на општина Кичево за 2026 г во ставки и подпрограми и тоа: плти и надоместоци  118.090.000 ден, стоки и услуги 113.236.000 ден, субвенции 84.400.000 ден, социјални бенефиции 1.200.000 ден, и капитални расходи 288.113.000 ден. Истакна дека буџетот е распореден во програми и подпрограми. Предвидени  биле средства за локалните избори за исплата на избирачките одбори и дел од нив се исплатени. Предвидени  биле трошоци за Градоначалникот, за општинската администрација, за капителни расходи на општината, за урбанистичко планирање, за градежно земјиште, за ЛЕР, за енергетска ефикасност, за фотоволтаични панелеи за јавно осветлување. Исто така, за јавна чистота и комунални услуги, реконструкција на локалните патишта, водовод и канализации, за вертикална и хоризонтална сигнализација детски паркови, прифатилиште за кучиња скитници, спорт у рекреација, култура, ќе и се помогне на образованите, основно и средно со буџетски средства,заштита и спасување, истакна дека ќе се помага и здравството и трошоци за унапредување на животна средина, противпожарна заштита. Во буџетот за 2026 се предвидени проектите кој се финансират од средства од повиците перв и втор од владата за капитални проекти на општините кои се предвидени на подпрограмите ФА, ЈД, РА, НА, ЊА.

**Суарта Салију Османи** – Праша колкав бил дефицитот на буџетот

**Бурим Кадриу**- Информира дека општината не работи со дефицит. Се предвидуваат средстав и тие што ќе останат со нив се финансирале расходите за наредната година.

**Суарта Салију-** 15 милиони и 400 илјади денари е тоа.

**Бурим Кадриу** -Информира дека на крајот на годината износост кој се пренесува за 2026 е поголем кои износ точно ќе се предвиди со идни измени и надопонувања на буџетот кој моментално ќе остане 20.000.000 денари

**Суарта Салију Османи-** Информира дека буџетот е главен документ за работа на општината и нејзините активности. Истакна дека на Веб страната на општината буџетот бил објавен само на македонски јазик и дека не бил тој кој сега им се образложувал. Праша каде е транспарентноста тука за 60% од граѓаните албанци.

**Бурим Кадриу**- Информира дека во буџетот се претставени податоци кои ги имале до моментот на неговото изготвување., но до неговото донесување тој трпел измена. Истакна дека тој имал измени пред 7 дена и на нив им укажал и дека буџет на општината ќе бил откако ќе биде изгласан од нивна страна. Се извини што не бил објавен на албансји јазик на ВЕБ страната и информира дека ќе се објави.

**Кујтим Касами**-Информриа дека се напоменало дека за спортот се предвидени средства за спортски објекти и маратонот, праша колку е предвидено за спортските академски школи кои ги имало во општината.

**Бурим Кадриу**- Информира дека за тоа се носи годишна програма, се формира комисија, за тоа се објавува јавен повик на кој тие конкурираат и им се распоредуваат средствата. Затоа, за клубовите предходно, не биле предвидени средства.

**Илир Рушити**- Го праша Претседателот на советот зошто Градоначалникот ја напуштил седницата и не е присутен, кога тој е предлагач на буџетот и сакал да го праша нешто во врска со буџетот.

**Претседателот на советот**-Информира дека не ја знае причината.

**Илир Рушити**- Информира дека го прашува раководителот на финансии зошто дотациите за училиштата се мали и зошто не се предвидени повеќе средства: 2,5 милиони за основните и 1 милион за средните училишта. Истакна дека се должни да ги дополнат средствата, бидејќи биле мали и неможело нормално да функционира со нив образованието.

**Бурим Кадриу**- Информира дека тоа било најчуствително нешто во континуитет при изготвување на буџетот. Истакна дека постојано бараат да се зголемат средствата, но немале разбирање. Информира дека сега биле предвидени 16 милиони денари за средно образование од буџетот на општината бидејќи средствата и имало плус капитални инвестиции кај средните и основните училишта, помали биле кај средните училишта, бидејќи се завршило со градбите во гимназијата. Во средното образование средствата биле блокирани, но се труделе тоа да функционира со превоз и гориво за греење. 14 милиони се средстава од општината, а останатите од дотации.

**Илир Рушити**- Праша зошто кај основното образование спортската сала во училиштето во с. Зајас била спремна , но не била функционална. Не

се работело за големи средства, а децата ги обавувале своите спортски активности на отворено.

**Бурим Кадриу**- Информира дека во 2025 г. во буџетот биле предвидени 2 милион денари. Била изготвена спецификација, но имало имотно правни проблеми. Објектот, не бил регистриран во катастерот. Проблемот било во тоа и до сега пет пати негативно одговр од страна на катастарот кој не го запишува и покрај комплетоста на документација. Истакна дека и Градоначалникот разговарал за тоа со катастарот сега и додека не се решат имотни правнит е работи, неможело да се инвестира таму.

**Илир Рушити**- Праша каде бил проблемот, бидејќи се работи за јавна, а не приватна институција.

**Бурим Кадриу**-Информира дека има технички проблем и дека неможе да одговори, бидејќи не било во негова надлежност.

**Илир Рушити**- Побара за тоа писмено да му се одговори во законски рок.

Праша колку средства се предвидени за канализацијата во Зајас, бидејќи не е реализирана.

**Бурим Кадриу**-Информира дека проектот е и за Општина Кичево, а не само за Зајас и бил во 2 фаза. Истакна дека тој проект бил 15-16 милиони и незнаел зошто е прекинат, но имало пресек што било завршено.

**Илир Рушити**- Информира дека денеска слушнале дека за нова година имало предвидено 1 милон денари кои не биле предвидени во буџетот, праша како ќе се реализираат тие проекти, без да се предвидени.

**Бурим Кадриу**- Информира дека во буџетот од 2025 г. имало нереализирани средства од 4 милиони денари од Министерството за култура, дел биле реализирани, а дел не биле исплатени и затоа биле предвидени за 2026 г.

**Суарта Салију Османи**- Праша која категорија вработени се во општинската администрација.

**Бурим Кадриу**- Информира дека освен статус на врабоени како општинска администрација, има вработени и со Законот за работни односи и тие биле во друга ставака.

**Суарта Салију Османи**- Праша дали тука биле и тие што се под Договор на дело.

**Бурим Кадриу**- Информира дека тука биле тие што се примени со оглас, а не со Договор на дело.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека имало суфицит кај разликата на приходи и расходи.

**Бурим Кадриу-** Информира дека има и тој се користел за 2026 г.

**Суарта Салију Османи-**Информира дека имало во 2025 г. и 2026 г. кај приходите и расходите зголемување за 0,2%, но кај дефицитот имало намалување 4 пати. Праша зошто е така и како ќе се решело тоа.

**Бурим Кадриу-** Информира дека во 2025 г. имало предвидено средства во програмата за 2025, но не биле реализирани. Затоа било зголемувањето и тие одат во 2026 г.

**Суарта Салију Османи**- „Значи има дополнителни средства од 2025 г. и тие одат во буџетот за 2026 г.“

**Бурим Кадриу**- Информира дека така било поради тоа што трезорот порано се затворилна  и преносите за 2025 г.

**Теута Ахмеди Пурелку**- Информира дека кај капиталните проекти најважна била водата. Имало граѓани како на пр. во с.Тујн кои имале водовод, но немале вода за пиење поради тоа што немало филтери. Праша дали за таму, за тоа, се предвидени средства.

**Бурим Кадриу**- Информира дека во програмата за водоснабдителни системи биле предвидени 4 милиони и 1 милион за изготвување на проекти. Истакна дека во Јануари ќе се носеле посебни програми и доколку селото го побара тоа ќе се предвиди во програмата.

**Теута Ахмеди Пурелку**- Информира  дека лани имало реновирање на гимназијата, но еден дел не бил решен WC-то кај вработените било катастрофално, како и канцеларијата на вработените.

**Бурим Кадриу**- Информира дека 1 милион денари биле предвидени за тоа и дека во координација со директорот ќе се реализирало.

**Теута Ахмеди Пурелку**- Побара повеќе средства да се издвојат за хигиена во училиштата.

**Бурим Кадриу**- Информира дека тоа ќе било решено со блок дотациите.

**Теута Ахмеди Пурелку**- Во врска со стипендиите на средношколците побара за нивна мотивација да се одредат стипендии во износ од 50-100 евра од страна на општината.

**Бурим Кадриу**- Информира дека тоа како предлог ќе се разгледа од страна на Секторот за образование и од страна на кабинетот на Градоначалникот и би било добро да се оствари.

**Суарта Салију Османи-** Информира дека ја подржува колешката во тоа и дека таа може да биде против буџетот ако не е задоволна, заедно и со нивните забелешки.

**Илир Рушити-** Информира дека со Теута се од иста институција и ако мислела дека можат да влезат во буџетот за 2026 г. со предлозите ја подржува, но ако сакала можела да не го подржи буџетот.

**Теута Ахнеди Пурелку**- Информира дека побарала материјали за уредување на санитериите за средното училиште и канцеларијата за профрсорите и средства за стипендии за учениците. Смета дека тоа не било голема инвестиција.

**Илир Рушити-** Информира дека тие се тие, кои го гласаат буџетот и можеле да одлучат.

Претседателот на советот даде пауза од 10 минути. По паузата седницата продолжи.

**Претседателот на советот**- Информира дека имало поднесено 3 амандмани на буџетот од советникот Стево Стефаноски.

Амандман 1

Во Предлогот на буџетот за 2026 г.во програмата Ј60 за одржување на локални патишта и улици во ставката 424 износот од 14.500.000 се менува и гласи 12.000.000 денари. Во програмата FАВ изградба и реконструкција на тротоари се додава нова подставка 482940 во износ од 2.500.000 денари. Се предлага во новите христијански гробишта да бидат асфалтирани или

поплочени пристапните улици до гробните парцели и да се отвори нова влезно- излезна врата и да се отвори кружен тек за растеретување на сообраќајот таму.

**Бурим Кадриу** - Предложи да не се усвои амандманот, бидејќи ќе неможе да се реализира програмата ако се скратат средства од неа и во таа програма се предвидени средства за тоа.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот амандман и истиот не се усвои со ЗА (нема). 1 глас ПРОТИВ. 15 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Амандман 2

Во Предлог буџетот во програмата JDO за реконструкција на улици и патишта во ставката 424 износот од 37.000.000 семенува и гласи 34.500.000 денари. Во програмата FAB изградба и реконструкција на тротоари ставка 482 се додава нова подставка 482950 реконструкција на др. објекти со износ 2.5000.000 денари. Со средставта се предлага да се изградат двата тротоари од кружниот тек кај старата зграда на општината на ул.„Рудничка", да се реконсруираат,т.е да се поплочат или асфалтираат, бидејќи биле само покриени со земја .

**Бурим Кадриу** -Предложи да не се прифати амандманот, бидејќи имало проект за тоа и дел е реализиран со средства осд Светска банка, а ќе се доврши со средства кои се предвидени во таа програма

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот амандман и истиот не се усвои со ЗА (нема). 1 глас ПРОТИВ. 16 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Амандман 3

Во предлог буџетот за 2026 г. во програмата Г 10 Програма за подршка на локалниот економски развој во ставка 464 износот од 6.200.000 се менува на 5.200.000 денари. Во програнмата АОО Совет на општина во ставка 464 се додава нова подставка 464991 со износ од 1.000.000 денари. Се предлага пренамена на средства за финансиска подршка на млади лица од општината за стекнување на возачка дозвола од Б категорија.

**Бурим Кадриу** – Предложи и овој амандман да не се усвои, бидејќи и овие средства што се предвидени за ЛЕР не се доволни за извршување на

нивните активности. Истакна дека немаат податоци колкава е масата на млади, за која општината може да предвиди средства.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот амандман и истиот не се усвои со  ЗА (нема). 1 глас ПРОТИВ. 16 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Потоа**, Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Буџетот на Општина Кичево за 2026 и истиот се усвои со 11 гласа ЗА. 6 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

**5.ПЕТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кичево за 2026 г

**Бурим Кадриу**- Информира дека тука било утврдено реализацијата на извршувањето на буџетот за 2026 г. за плати, надоместоци, регрес, начин на пресмека на платите во образованието итн.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кичево за 2026 г  и истата се усвои со 11 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 5 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**Совртникот Михајло Данилоски** предложи Финансиските планови на основните училишта се гласаат во пакет.

**Претседателот на** советот го стави на усвојување предлогот и истиот се усвои со 17 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Потоа, **Претседателот на советот** ги стави на усвојување Финансиските планови за 2026 г. за сите основни училишта од 6 до 14 точка од Дневниот ред и истите се усвоија со 16 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**15.ПЕТНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Финансикски план за 2026 г. во ОСУ „Мирко Милески" Кичево

**Директорот на ОСУ „Мирко Милески" Кичево**- Информира дека Финансискиот план е изготвен врз основа на закон и врз основа на добиените блок дотации. Тој изнесувал 96 милиони од кои 92 за плати, а 4 за оперативни трошоци.

**Претседателот на советот**, го стави на усвојување Предлог Финансикскиот план за 2026 г. во ОСУ „Мирко Милески“ Кичево и истиот се усвои со 17 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**16.ШЕСНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Финансиски план за 2026 г.во ОСУ „Дрита„ Кичево

**Овластен Преставник Лазим Шабани**- Информира дека буџетот изнесува 73 милиони од кои 66 милиони за плати и 7 милиони за оперативни расходи. Истакна дека имат наследен долг и сега тој бил 7 милиони денари и работат со блокирана сметка.

**Претседателот на советот**, го стави на усвојување Предлог Финансикскиот план за 2026 г. во ОСУ „Дрита“ Кичево и истиот се усвои со 15 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**17. СЕДУМНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Финансиски план за 2026 г. во ЈОУДГ „Олга Мицеска“ Кичево

**Претседателот на советот**-Информира дека директорот го известил дека поради здравствени причини нема да присуствува на седницата.

**Илир Рушити**-Информира дека има забелешка во однос на материјалите кои им биле доставени од таму, бидејќи биле само на македонски јазик, а треба и на албански јазик. Незнаел дали тоа било техничка грешка од администрацијата или од градинката. Истакна дека до колку така бил доставен од градинката, тој ќе гласа против.

**Претседателот на советот** предложи таа точка да се повлече од Дневен ред и истата се стави на Дневен ред за следната седница и предлогот го стави на гласање и тој се усвои со 17 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**18.ОСУМНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Програма за активности во областа на управување со животната средина во Општина Кичево за 2026 г

**Емилија Петкоска-** Информира дека со оваа Програма се спречува загадувањето на чивотната средина, уредување на просторот, чистење на речните корита, миење на улиците, доделување на клими итн.

**Илир Рушити**- Праша зошто не била свикана комисија за да се разгледа точката на комисија.

**Секретарот на општината-** Информира дека за оваа точка е пропуштено да се свика комисија, бидејќи се сметало во полн состав да се разгледа таа на совет.

**Илир Рушити-** Предложи точката да се повлече од Дневен ред, истата се стави на Дневен ред за следната седница, а предходно да се разгледа на комисија.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предлогот и истиот не се усвои со: 6 гласа ЗА. 11 гласа ПРОТИВ. И ВОЗДРЖАНИ (нема).

Потоа, **Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за активности во областа на управување со животната средина во Општина Кичево за 2026 г и истата се усвои со: 11 гласа ЗА. 6 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

**19.ДЕВЕТНАЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог План и Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на Општина Кичево за 2026

**Емилија Петкоска-** Информира дека Програмата е во согласност со закон и се однесува за благосостојба на животните. Главна цел било грижа и заштита на животните. Истакна дека оваа година се предвидувало изградба на стационар.

**Илир Рушити-**Информира дека оваа точка не била усвоена на комисисја. Побара да се почитува постапката за да не се обраќаат до инспекторатот. Предложи точката да се повлече од дневен ред, за да не се надгласуваат.

Предлогот **Претседателот на советот** го стави на усвојување и истиот не се усвои со 6 гласа ЗА. 11 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

Потоа, **Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Планот и Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на Општина Кичево за 2026 г. и истиот се усвои со 11 гласа ЗА. 6 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

**20.ДВАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Оперативен План и Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација (како дел од општите мерки за спречување и орстранување на заразни болести)

**Емилија Петкоска**- Информира дека Програмата била изготвена согласно Законот за заштита од заразни болести и неа ја изведувала Центарот за јавно здравје.

**Суарта Салију Османи**- ИНформира дека и за оваа точка се протиставуваат, бидејќи не се разгледала предходно на комисија. Предложи да се повлече од дневен ред точката, бидејќи не била испочитувана постапката.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предлогот и истиот не се усвои со 6 гласа ЗА. 11 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

Потоа, **Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Оперативниот План и Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација (како дел од општите мерки за спречување и орстранување на заразни болести) и истиот се усвои со 11 гласа ЗА. 6 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

**21.ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА**: Предлог Програма за Локален економски развој (ЛЕР) за 2026 г.

**Дарко Белески**- Информира дека општината сака преку одредени мерки предвидени во програмата да се подобрат условите за живот во општината. Истакна дека имаат 13 милиони денари сопствен буџет и 5 милиони од разни донации. Оваа година биле зголемени средствата за невладините организации. Лани имале 20 проекти. Со тек на времето ќе се видело колку таа ќе се оствари.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за Локален економски развој (ЛЕР) за 2026 г. и истата се усвои со 16 гласа ЗА. 1 глас ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

**22.ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Програма за управување со отпад на територијата на Општиан Кичево за 2026 г.

**Директорот на ЈКП„Комуналец**“- Информира дека Програмата се носи согласно Националниот план за уредување на отпадот во Македонија. Потоа ја образложи. Истакна дека има проблем со недостаток на возила и локација за претоварна станица до каде ќе се собире отпадот.

**Шефки Имети**- Праша каде ќе биде станицата.

**Директорот на ЈКП„Комуналец-** Информира дека неможе да каже во моментот, бидејќи разгедуваат повеќе локации, но благовремено ќе ги извести.

**Шефки Имети**- Побара поголема транспарентност. Праша зошто не им кажува и дали ќе им кажеле на денот кога требало да се одлучи.

**Директорот на ЈКП„Комуналец**- Информира дека за тоа може да има и јавна расправа и ќе бидат известени**.**

**Кујтим Касами-** Информира дека Градоначалникот кажал дека е најдено решение но незнаел каде, а сега Директорот велел дека не е одредено. Праша дали тоа се чува во тајност или нема координација меѓу нив**.**

**Директорот на ЈКП„Комуналец-** Информира дека постапката била во тек и кога ќе се одлучело ќе ги известеле.

**Теута- Ахмеди Пурелку**- Праша зошто во програмата кај дневниот план за собирање на сметот не било опфатено с. Тујн.

**Директорот на ЈКП„Комуналец**- Информира дека собирањето на сметот таму било од пред некој месец, а Програмата предходно била изготвена.

**Теута Ахмеди Пурелку-** Праша дали тоа ќе се уреди**.**

**Директорот на ЈКП„Комуналец-„** Да“**.**

**Илир Рушити**- Праша каде моментално се собира ѓубрето и дали знае дека предходниот Градоначалник и Директорот имале кривична пријава за тоа, па да не добијат и тие**.**

**Директорот на ЈКП„Комуналец-** Информира дека отпадот сега се земал од предходната локација зад ЈКП„Комуналец“ и се носел во Русино-Гостивар. Истакна дека таа депонија која била направена таму ќе се тргне во краток рок.

**Илир Рушити**- Праша каде сега се носи ѓубрето во Русино или во друга депонија.

**Директорот на ЈКП„Комуналец**- Информира дека директно се носело во Русино и тоа секој ден 4-5 камиони.

**Шефки Имети**- Информира дека проблем била локацијата. Градоначалникот рекол дека имало локација, а тие не кажуваат каде е.

**Директорот на ЈКП„Комуналец-** Информира деке ѓубрето се носело во Русино, а за претоварната станица навреме ќе бидат информирани**.**

**Кујтим Касами-** Праша дали имало Договор со Русино за да се носи таму ѓубрето.

**Директорот на ЈКП„Комуналец-** Информира дека во Новаци требало да се изгради таква депонија. Истакна дека разговарал со директорот на Русино таму да се носи ѓубрето 1-2 години, дури се изгради депонијата во Новаци.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за управување со отпад на територијата на Општиан Кичево за 2026 г. и истата се усвои со 10 гласа ЗА. 6 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

Советникот Михајло Данилоски беше изземен од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието.

**23.ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА**: Предлог Програма за работа и развој на ЈКП „Комуналец“ Кичевоза 2026 г.

**Директорот на ЈКП„Комуналец-** Информира дека оваaa Програма се носи секоја година. Неа ја предлага Директорот и истата е донесена од страна на Управниот Одбор во претпријатието**.** Потоа, ја образложи.

**Илир Рушити**- Информира дека во планот за јавни набавки видел дека имало предвидено набавка на возило од 12 милиони денари. Истакна дека во дневниот ред имало точка за тоа и дека советот ќе им даде возило. Праша дали ќе се набави тоа возило.

**Директорот на ЈКП„Комуналец-** Информира дека планот се носи за наредната година и не се знае дали ќе се исполни. Истакна дека возилото што ќе им се отстапи било за теренска работа. Информира дека ЈКП„Комуналец“ бил во тешка состојба и нема да си дозволи да купи возило.

**Илир Рушити**- Информира дека според Законот за Јавни набавки Директорот го изготвува, а Управниот Одбор го усвојува, праша зошто е предложено кога се во криза.

**Директорот на ЈКП„Комуналец-** Информира дека кога ќе бидат во можност ќе го остварат тоа.

**Илир Рушити**- Информира дека набавка на возило било предвидено за февруари и не верува дека за 2 месеци ќе бидат во кондиција да го остварат тоа.

**Директорот на ЈКП„Комуналец-** Информира дека тогаш неморало да се набави во февруари.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за работа и развој на ЈКП „Комуналец" Кичевоза 2026 г. и истата се усвои со 10 гласа ЗА. 6 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

Советникот Михајло Данилоски беше изземен од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието.

**24.ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Предлог Програма за одржување на јавна чистота за 2026 г. на Општина Кичево

**Директорот на ЈКП„Комуналец-** Информира дека оваа Програма се носи секоја година, а се однесувала на чистењето на улиците, чистење на снег итн.

**Илир Рушити**- Предложи улиците да не се мијат во раните утрински часови, поради ниските температури, бидејќи може да дојде до поледица и несакани резултати.

**Директорот на ЈКП„Комуналец-** Информира кога има ниски температури, улиците не се мијат.

**Кујтим Касами-** Праша, бидејќи сме во зимски услови, дали имало акциски план за чистење.

**Директорот на ЈКП„Комуналец-** Информира дека има таков акциски план и дека биле спремни.

**Кујтим Касами**- Праша дали тој план се однесува и за руралните средини.

**Директорот на ЈКП„Комуналец-** Информира дека Општината има 5 региони, Кичево и поранешните рурални општини Друговo, Вранештица,

Зајас и Осломеј и дека за тоа ЈКП имало јавна набавка за општина Кичево, а за поранешните рурални општини ќе се ангажираат приватни фирми.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за одржување на јавна чистота за 2026 г. на Општина Кичево и истата се усвои со 11 гласа ЗА. 6 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

**25.ДВАЕСЕТ И ПЕТА ТОЧКА**: Предлог Решение за именување на Управен Одбор на ЈОУДГ „Олга Мицеска“ Кичево

**Жанета Милановска Петреска**- Информира дека се состанала комисија и ја разгледала точката и за členовиво Управниот одбор на ЈОУДГ биле предложени: Стево Стефаноски, Фадил Емини и Михајло Данилоски.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека и комисиите кога се формирале и сега ДУИ бил дискриминиран и праша кои се параметрите за утврдување на тие членови.

**Жанета Милановска Петреска**- Информира дека се одело од тоа дека тие ги исполнувале условите за да бидат членови.

**Суарта Салију Османи-** Информира дека не велела дека тие не ги исполнувале условите и ги повика и од ВЛЕМ за интерес на албанците да нема дискриминација.

**Жанета Милановска Петреска-** Информира дека дадените предлози за членови беа усвоени од страна на комисијата и беа допуштени да се разгледаат и усвојат и од страна на Советот**.**

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Решението за именување на Управен Одбор на ЈОУДГ „Олга Мицеска“ Кичево и истото се усвои со 11 гласа ЗА. 6 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

**26.ДВАЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за давање на користење на движна ствар-моторно возило на ЈКП„Комуналец“ Кичево

**Секретарот на општината**- Информира дека таа Одлука се однесува за давање на возило на ЈКП„Комуналец“ за нивни потреби. Возилото ќе се користи за чистење на снег. Потоа, тоа ќе се уредело со Договор.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за давање на користење на движна ствар-моторно возило на ЈКП„Комуналец“

Кичево и истата се усвои со 13 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**27.ДВАЕСТ И СЕДМА ТОЧКА**: Предлог Одлука за измена на Правилникот за пресметка на плати за јавни службеници во Општина Кичево

**Михајло Данилоски-** Информира дека во член 8 од Одлуката се вршрло измена во платата на вработена во општината, бидејќи сега не ја вршела истата работа.

**Секретарот на општината**- Информира дека за тоа работно место биле предвидени 2-ца извршители: еден е копирант, а другиот технички секретар на Градоначалникот. Сега било сменето Рашанието за технички секретар, а останато било само за копирант. Истакна дека немало потреба да се менува Правилникот, бидејќи може да се реши само и со Решение, но може да се донесе Одлуката за измена на Правилникот.

**Илир Рушити**- Информира дека немало потреба да се носи Одлуката за измена на правилникот, бидејќи тоа било предвидено во Систематизацијата на работни задачи. Потребно било да се одземат само должностите и праша како можела да работи дополнителни активности.

**Секретарот на општината**- Информира дека Договорот за работа тоа го дозволувал. Во случајот сега било одземена должноста за технички секретар и сега е само копирант.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за измена на Правилникот за пресметка на плати за јавни службеници во Општина Кичево и истата се усвои со 11 гласа ЗА. 6 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

**28. ДВАЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА**: Предлог Програма за активностите на Општина Кичево во областа на социјалната заштита и заштита на децата во текот на 2026 година

**Секретарот на општината**-Информира дека таа Програма секоја година се надополнува. Истакна дека има измени во точка 16, која се финансира од буџетот, средства за финансирање на лица со посебни потреби до 26 години години. за тоа моментално имало оглас и за лица кои се социјално загрозени и можат двапати да бидат помогнати во една година.

**Илир Рушити**- Праша дали за тоа ќе има Јавен повик.

**Секретарот на општината** – Информира дека во моментот имало таков повик.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за активностите на Општина Кичево во областа на социјалната заштита и заштита на децата во текот на 2026 година и истата  се усвои со 16 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**29.ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТА ТОЧКА**: Одлука за употреба на знамето на турската заедница пред општинската зграда

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Одлуката за употреба на знамето на турската заедница пред општинската зграда и истата се усвои со 17 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен дневниот ред за оваа седница, Претседателот на советот ја затвори седницата во 13 часот и 15 минути.

Записничар Совет на општина Кичево

Ленче Србиноска Претседател

Ајхан Сулковски